СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. 02-1172/6
Скопје,09.12.2021 година

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на член 27 ст. 2 т. 8 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија (Службен весник на РСМ бр.118/2021), чл.261, ст.1 и 2 в.в. со чл.296 од Законот за здравствената заштита (*„Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 20/19, 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21*) и член 8 од Правилникот за стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници и соработници *(пречистен текст) бр.* 02-922/6 од 29.09.2020 г., на својата **24-та седница,** одржана на ден **08.12.2021 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за потврдување на Листа на членови на Комисиите за спроведување на стручен надзор за 2022 година**

**Член 1**

Се потврдуваат членовите на Комисиите за редовен стручен надзор определени од Регионалните одбори, за спроведување на стручен надзор **над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници за 2022 година.**

**Член 2**

Листата на членови на Комисиите за спроведување на редовен стручен надзор, предложени од Регионалните одбори на СКМ е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Комисиите се надлежни за спроведување на **Годишниот план за стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници за 2022 година**, по давањето на согласност од министерот за здравство.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од министерот за здравство на Годишниот план за стручен надзор над стручната работа на стоматолошките здравствени установи и здравствените работници за 2022 година.

**Стоматолошката комора на Македонија**
**Претседател на Извршен одбор,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.

ул „Балзакова“ бр. 32, Скопје
+389 (02) 3246 851/852
skm@skm.mk
www.skm.mk